


# СОРАБОТНИК ЗА КАРТИЧНО РАБОТЕЊЕ

**Локација:** Скопје

**Оддел:** Дигитални Канали и Картички / Служба за картично работење

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**36 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

Организација на процесот на барања за картички преку генерирање на датотеки до процесниот центар

Контрола на датотеките за персонализација испратени и добиени од процесниот центар

Менаџирање / следење на персонализацијата на картички во персонализацискиот центар

Организација на дистрибуцијата на картичките и ПИН-овите до Експозитурите

Организација / следење / контрола на дистрибуцијата на картичките и ПИН-овите до клиентите преку надворешна компанија за достава

Следење на залихата на пластика и пропратните материјали за издавање на картичките

Контрола на трансакциите со платежни картички на дневно ниво вклучително и контрола на книговодствените конта кои се користат за книжење на овие трансакции

Координација со call центарот на банката во однос на блокирање на картички, промена на лимити и други параметри од картичките

Поддршка на продажната мрежа во однос на издавање на картички, трансакции со картички и задржани картички во АТМ

Контрола и книжење на уплати на кредитни картички

Подготовка на извештаи за издадени / реиздадени картички, картични трансакции како и други извештаи по барање на непосредниот раководител

## Кои квалификации се потребни

ВСС

Работно искуство во банка на иста или слична работна позиција ќе се смета за предност

Одлично познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување)

Стручно ниво на употреба на office софтверски алатки

Познавање за управување и манипулација со податоци

Организациски вештини

Комуникациски вештини и самоиницијативност, аналитичко размислување и вештина за решавање на проблеми, способност за планирање и одлучување, способност за препознавање на приоритети и ризици во работењето, тимска работа и способност за работа под притисок

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee’s wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **07.02.2025** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА КАРТИЧНО РАБОТЕЊЕ“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #ВерувајВоИднината**

Те очекуваме!